



Јеромонах м-р Јосиф Пејовски

II дел

# ЕТИЧКИТЕ ДОБЛЕСТИ ВО ФИЛОСОФИЈАТА НА СВЕТИ ЈОВАН ЛЕСТВИЧНИК

## Избор на духовен раководител - духовниот раководител како педагог

Монашкиот подвиг започнува со изборот на наставник или духовен раководител. Но, изборот на наставник треба да се изврши со расудување и внимателно, советува Лествичник, за „да не паднеме во рацете на морнар наместо кај кормилар, кај болен наместо кај лекар, страстник наместо кај бестрастник, и така наместо во пристаниште да не се најдеме на отворено море и така да доживееме бродолом”. Сега, советува Лествичник, еднаш направениот избор обврзува. Воопшто не треба да се разгледуваат или да се испитуваат зборовите и делата на избраниот наставник. Советите треба да се слушаат со смирение и без никаков сомнеж „како од устата на Бога”, дури и „ако она што ти го кажува е спротивно на твоето расудување, дури и ако прашаниот не е толку духовен”...[1]

Многу е важно самото потчинување да биде акт на слободата, слободното расудување и избор. Одрекувањето од сопствената волја се прави токму поради ослободувањето. Преку послушанието волјата се ослободува од случајноста на личното мислење и од власта на страстите. Во таа смисла послушанието е предвкус на вистинското бестрастие. Тоа е пат кон вистинската слобода, преку доброволното робување.[2] Функцијата на пастирот е сосема прецизна и апсолутно одговорна. Во системот на неговата пастирска педагогија се вклучени и неговите сопствени подвижнички искуства.[3]

[1] op. cit. Јован, Лествичник, поука 4.
[2] op. cit. Георгије, Флоровски, стр. 185
[3] Вера Георгиева, Византиска философија, Табернакул, Скопје, 2001, стр.90

## Покајание

Внатрешниот подвиг започнува со покајанието. Поточно кажано, покајанието и плачот поради своите гревови е самата суштина на подвигот.

Зборот покајание доаѓа од грчкиот μετανόια(метанија), што во буквален превод значи преумување. А да се промени своето мислење, т.е. да се започне да се расудува поинаку, според Лествичник, е возможно само ако се разбере суштината на животот. Слично со Платоновата идеалистичка етика, кога моралниот живот е сфатен како тежнеење кон највисоката идеја, идејата за доброто.[4]

Со покајанието е поврзано сеќавањето на смртта. Тоа е духовно претчувство на смртта и своевидна „секојдневна смрт". Вистинското „сеќавање на смртта" е возможно само преку потполна непристрасност кон сè и совршено отсекување на волјата. Ако монахот има предвид дека секој миг го демне смртниот час ќе може правилно и да расудува за своите постапки. Секогаш кога ќе згреши, ќе може и да се покае.

Потоа, во *Лествица* следи степенот на плач и радостотворниот плач. „Покајанието е обнова на крштението", а плачот е повисок од крштението. „Изворот на солзите после крштението, е повеќе од крштението", колку тоа и да изгледа парадоксално - забележува Флоровски. Бидејќи, плачот е непрестајно чистење на сторените гревови. Лествичник солзите ги споредува со водата во која се врши крштевањето. Со солзите човекот повторно се крштева.

## Бестрастие

Кај Лествичник целта на внатрешниот подвиг е стекнувањето на бестрастието. Задачата на внатрешното тежнеење се сведува на постојано преобразување на страстите. Треба да се сопрат и потполно да се загушат движењата и будењето на страстите. Најнапред треба да се совлада гневот, т.е. треба да се здобие безгневливоста и смирението, мирот и тишината. Според сфаќањето на Лествичник, гневот е поврзан со самољубието. Од тука негневливоста ја одредува како „ненаситна жед за бестрастие", а смирението како „непридвижна состојба на душата која не се менува било да поднесува разни понижувања или да слуша пофалби. Уште посовршено е незлопаметењето, кое ја изобразува Исусовата незлобливост. Исто така монахот треба да се воздржува од секакво осудување. За оние кои грешат моли се во тајност" - советува Лествичник: „тоа е начин кој е угоден на Бога".

[4] Aleksandrov, G.F., Bihovski, B.E., Mitin, M.B., Judin, P.F., *Istorija filosofije I*, Kultura, Beograd, str. 176.

Лествичник многу говори за совладувањето на телесните соблазни и за здобивањето на чистотата. Според него изворот на чистотата е во срцето. Кај Платоновото етичко учење душата е составена од три дела: 1) разумниот, 2) огнениот (волјата), 3) похотниот (сетилниот),[5] од каде со хармоничната комбинација на сите три делови на душата, а под раководство на разумот се постигнува етичката доблест. Платон завршува тука како цел поставувајќи го разумното делување. Лествичник смета дека под раковдство на разумот треба да се достигне чистотата на срцето. Разумот треба да биде само средство со кое ќе ја постигнеме целта - очистувањето на срцето. Кај Платон тоа би соодветствувало на чистотата на вториот дел на душата, огнениот (волјата).

Според Лествичник чистотата на срцето е над човековите сили и претставува дар Божји, затоа и се добива со подвиг. Срцето треба да се очисти од сите страсти, кои се вселиле во срцето со гревот. Страста на среброљубието се убива преку отсуството на грижа за сѐ земно. Тоа е своевидна безгрижа во животот. Уште поопасна е соблазната на гордоста: гордиот човек се соблазнува и без ѓаволско искушение. Тој самиот си станал ѓавол и непријател... Гордоста се совладува со смирение... Смирението не се опишува со зборови: тоа е некоја безимена „благодат на душата" која се сфаќа исклучително во личниот опит. На смирение можеме да се научиме единствено од Христос: „*Научете се* не од ангел, не од човек, не од книги, туку од *Мене*, т.е. од мојот пример, *бидејќи сум кроток и смирен по срце*.[6] На некој начин, смирението во оние кои се подвизуваат претставува слепило за сопствените доблести, „божествена заштита од која не ги гледаме своите добри дела"...[7]

## Трезвеност

Во развојот на страстите, кај Лествичник можеме да ги разликуваме следните моменти. Предлог или „пристапување", προσβολη - некој лик или мисла, „налет на мисли". Во тоа сѐ уште нема грев, бидејќи тука сѐ уште не учествува волјата. Волјата се покажува во соединувањето (συνδυασμόζ): тоа претставува некој вид на „разговор со она кое се појавило". Во таа заинтересираност или внимание се наоѓа зачетокот на гревот, но според свети Јован тоа „не е сосема грев". Сепак, најважна е насоченоста на волјата, согласноста на душата со помислата која се јавила и соединила со насладата. Понатаму помислата (соблазнивата мисла или лик) се вкоренува во душата: тоа е степен на поробување, своевидна опседнатост на срцето. На крајот се создава порочна навика - страст (τὸ πάυοσ). Од сето тоа очигледно е дека како прво, коренот на страста се наоѓа во попустливоста на волјата, и како второ, соблазната се приближува преку мислата, под вид на мисла или помисла. [8]

Затоа аскетската задача добива двојна насока. Од една страна, се бара зајакнување на волјата (преку отсекување на својата волја и послушанието), а од друга страна преку очистувањето на помислите. Соблазната доаѓа однадвор. Во човекот нема зло по природа.

[5] Ibid. стр. 176.
[6] Мт. 11,29.
[7] op. cit. Георгије, Флоровски, стр. 186
[8] Ibid: стр. 186

Бог не е творец на развратените страсти. Тоа не значи дека човекот со самото тоа е чист. Тој е чист поради крштението, но повторно паѓа со волјата. И повторно се чисти со покајанието и подвигот. Во самата природа постои одредена сила. Тоа според Лествичник е благодатта која е всадена во човекот со самиот акт на создавањето. Гревот кој е спротивен на природата, претставува извртување на природните својства. Оние енергии кои се всадени со создавањето и кои се позитивни, преку волјата човекот негативно ги насочува.[9] Токму затоа како што нагласивме, со зајакнувањето на волјата и очистувањето на помислите, човекот ќе го очисти своето срце, или поточно правилно ќе ги насочи благодатните дарови.

## Безмолвие

Врв на подвигот е во безмолвието (ησυχία), во тихување на телото и душата. „Безмолвието на телото - истакнува Лествичник, е познавање и уредување на сетилата и карактерот, а безмолвието на душата - познавање на помислите и концентрирана мисла". Со други зборови тоа е склад и мир, подреденост и насоченост на животот, внатрешен, а потоа и надворешен... Безмолвието е бдеење на душата. И тоа внатрешно тихување е поважно од надворешното. Важно е внимателното бдеење на срцето. Силата на тихувањето се состои во непрестајната, собрана молитва: „Безмолвието е непрестајна служба на Бога и стоење пред Него".

Многусловието во молитвата, истакнува свети Јован Лествичник, расејува и го води умот во мечтаења и од сè најопасното „сетилно мечтаење". Мислата секогаш треба да се држи и да се заклучи во зборовите на молитвата. Сите „помисли" и „облици" (фантазии) безусловно треба да се отфрлат. Треба да се собере умот. Јован Лествичник зборува за „стварноста која исихастите на христијанскиот Исток ја барале во самите себе".[10] Многу често исихазмот не само што го бара своето потекло во првобитното монаштво, туку и го изедначува со монаштвото воопшто како негова философија.[11]

## Љубов

Движечка сила на подвигот и врв на етичките доблести кај свети Јован Лествичник е љубовта. Полнотата на подвигот е стекнување на љубов. Во љубовта постојат степени според Лествичник, но самата љубов е неспознатлива, бидејќи тоа е име на самиот Бог. Затоа таа во својата полнота е неискажлива. Во кратките и воздржани афоризми за љубовта кај св. Јован се чувствува сродство на мислата со мистиката кај Ареопагит.[12] Карактеристично е дека св. Јован за повисоките степени на обожението говори малку и е доста сиромашен на зборови. Тој пишува за почетници и за оние кои штотоку навлегле во монашкиот живот. Освен тоа, на повисоките степени и самиот збор станува немоќен и недоволен. Затоа што тука е и врвот на самата Скала, која се крие во небесните висини.

Во животот на монахот можно е обожението преку качување, еден вид растење и напредување. Човековото пресоздавање според исконскиот образ и подобие не се постигнува со рационални постапки и логички доследности. Во философијата на свети Јован Лествичник љубовта е таа што го осмислува мистичкиот живот на монахот.[13]

[9] Владимир Лоски, Мистична теологија на Црквата од исток, Табернакул, Скопје, 1991, стр. 111-132.

[10] Јован Маендорф, *Свети Григориј Палама и православната мистика,* Велјуса, 2001, стр.45

[11] op. cit. Вера Георгиева, *Философија на исихазмот...,* стр. 17.

[12] op. cit. Георгије Флоровски, стр. 188

[13] op. cit. Вера Георгиева, Византиска философија..., стр.92



# ЗАКЛУЧОК

Монашката философија не се развивала како единствено и непротивречно движење. Тоа низ вековите добивало разни форми.

Мистичните идеи, полетот кон совршенството, длабоката љубов кон ангелскиот град каква што е манастирската заедница, со еден збор - монашката доблест, во свети Јован Лествичник ќе го најде својот најдобар толкувач.[14] Влијанието кое го извршил свети Јован Лествичник, како преку својот личен пример, за времето додека бил игумен, исто така и со своето литературно дело *Лествица*, кое во текот на историјата стана духовна читанка за монасите како на Исток, подеднакво и на Запад,[15] беше основен мотив за изборот на оваа тема за посериозна обработка.

Во секоја етика има една основна доблест околу која се распоредуваат сите нејзини барања. Кај Платон, а делумно и во целиот антички морал, таа доблест е праведноста, која како синтетичка добродетел ги опфаќа останатите, имено, мудроста, храброста и умереноста. Кај свети Јован Лествичник, таа доблест е љубовта. „Сега остануваат овие три: верата, надежта и љубовта; но љубовта е најголема меѓу нив".[16] „Пред сè имајте постојана љубов меѓу себе".[17] „Љубовта е сојуз на совршенство".[18] Христијанската љубов е духовна љубов. Во христијанската љубов постојат две насоки: метафизичко и социјално. Метафизичкото е љубовта кон Бога – сосем нов мотив, чија можност ја порекнувал Аристотел.[19] Кај Лествичник покрај љубовта кон Бога, постои и љубовта на Бога кон човекот. Таа љубов, свети Јован ја објаснува со грижата на Бога за човекот. Социјалната љубов, кај свети Јован е во согласност со зборовите од Светото писмо: „кога така нè засака Бог, тоа и ние сме должни да се сакаме еден со друг".[20]

Етиката на светоста во делото на свети Јован Лествичник е морален максимализам кој го признава за вистинска моралност само најголемото совршенство и притоа го сфаќа како страдање. Тоа е етиката на аскетизмот, подвигот и маченништвото. Таа била многу висока. Но токму затоа неа најмногу ја остваруваат само исклучителни луѓе, кои заминуваат од секојдневниот живот во манастир или во пустина или во рацете на мачителите.

Така византиското монаштво претставувало не само школа за духовно усовршување, туку и тело кое се чувствувало одговорно за содржината на верата и за судбината на Црквата како целина.

[14] ibid. стр. 74.

[15] Јован Маендорф, Византијско богословље, Београд, 2001, стр. 105

[16] I Кор. 13,13.

[17] I Пет. 4,8.

[18] Кол. 3,14.

[19] Op. cit. Евгеније, В. Спекторски, стр. 79.

[20] I Јов. 4,11


e-Banking
Секогаш и
секаде,
сигурно
пред сé!
Комерцијална Банка АД Скопје
www.kb.com.mk